**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр.08-928/2**
**24.06.2026 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 62 став 1 алинеја 13 од Статутот на Општина Гевгелија, а во врска со членовите 19-а и 23 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 35/19; 275/19; 89/22; 274/22; 208/24; 193/25; 96/26) и Одлуката за распишување на јавен конкурс за избор на директор бр. 08-928/1 од 24.06.2026 година, Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува:

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на директор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ – Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија распишува јавен конкурс за избор на директор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ – Гевгелија, со мандат од 4 (четири) години.

I. **Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со Закон, како и посебните услови предвидени во Законот за јавни претпријатија, односно**:
   - да е државјанин на Република Северна Македонија;
   - има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршено VII/1 степен образование;
   - во моментот на именувањето со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
   - да има минимум пет години работно искуство;
   - поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постари од пет години и тоа:
     - TOEFL IBT (TOEFL iBT) – најмалку 74 бода,
     - ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода,
     - ILEC (ILEC Cambridge English: Legal) – најмалку ниво Б2 (B2),
     - FCE (FCE Cambridge English: First) – положен,
     - БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или
     - APTIS (APTIS) – минимално ниво Б2 (B2)

II. **За исполнување на наведените услови, кандидатите треба да ги достават следните документи во оригинал или фотокопии заверени кај нотар:**
   1. Апликација/пријава со кратка биографија (CV);
   2. Мотивациско писмо;
   3. Уверение за државјанство (не постаро од шест месеци);
   4. Лекарско уверение за општа здравствена способност како општ услов за работен однос, потпишано од лекар специјалист по медицина на трудот, издадено од организација за примарна здравствена заштита која врши дејност медицина на трудот;

5. Доказ за завршено високо образование со најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен (Диплома или Уверение за завршена стручна подготовка);
6. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност;
7. Доказ за работно искуство - Работна историја од Агенцијата за вработување при РСМ со евидентиран стаж (или потврда од ПИОМ);
8. Доказ дека поседува еден од горенаведените меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик, не постар од пет години;
9. Предлог-програма за работа и развој на ЈПКД „Комуналец“ - Гевгелија за период од 4 години.

Работното време е од 07:00 до 15:00 часот, од понеделник до петок, 40 работни часа во неделата.
Паричниот износ на основната плата се утврдува согласно Законот за јавните претпријатија, Менаџерскиот договор и општите акти на ЈПКД „Комуналец“ - Гевгелија.

**III.** Пријавите/апликациите со потребната документација мора да бидат доставени во оригинал или заверени кај нотар и доставени во запечатен, необележан плик преку архивата на Општина Гевгелија или по пошта на следната адреса - **Општина Гевгелија, ул. „Димитар Влахов“ бр. 4, 1480 Гевгелија,** со единствена ознака **„ЗА ЈАВЕН КОНКУРС“ за избор на директор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.**

**IV. Рокот за пријавување на Јавниот конкурс е 5 (пет) дена сметано од денот на неговото објавување во дневните весници, Нова Македонија, Вечер и Коха.**

**V.** Примените документи ги разгледува трочлена комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија, која во рок од 8 (осум) дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до Градоначалникот.

Градоначалникот го задржува правото да интервјуира кандидати со уредна апликација.

Градоначалникот на Општина Гевгелија, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на доставување на документацијата од страна на Комисијата, донесува одлука за избор на директор.

**VI.** Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да бидат разгледани.

Градоначалник
Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов**